# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2010 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, на проширената Општа седница одржана на 7.4. и 8.4.2010 година, согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06), ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија во 2010 година, и на Општа седница одржана на 31.05.2011 година, ги усвои следните:

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 1.Организација и функционирање

Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд, за тоа како функционираат судовите во Република Македонија, дали тие се ефикасни во обезбедувањето на правдата, непристрасни во примената на правото и квалитетни во обезбедувањето на заштитата на основните човекови права и слободи, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд, како највисок суд во Републиката.

Судството во однос на функционирањето на законодавната и извршната власт треба да добие приоритет во неговиот развој и изградба, бидејќи обезбедува заштита на основните човекови права и слободи кои не само што се универзални и уживаат меѓународна заштита, туку и од нив во суштина зависи стабилноста, мирот и правдата во секоја современа демократска држава.

Во обезбедување на независноста и самостојноста, професионализам, авторитет и ефикасност на судството во Република Македонија, потребно е постојано создавање услови за подобрување на ажурноста во работењето на судовите. За таа цел, особено е важна новата информатичка технологија на водење на предметите. Значаен сегмент кој директно влијае врз ефикасноста и транспарентноста на судството е функционирање на електронско судство.

Во насока на зголемување на ефикасноста на судскиот систем, воведена е информатичко-комуникациска технологија во сите судови во Република Македонија. Модернизацијата во правец на транспарентноста, претставува отварање на судството кон граѓаните на начин на кој се јакне неговата одговорност, отчетност, а изложувајќи се пред очите на јавноста и се подобрува квалитетот на работењето на судовите.

Од 1 јануари 2010 година во сите судови во Република Македонија, во целост се применува автоматскиот и информатички систем за управување со судски предмети (АКМИС). Исто така, во сите судови инсталиран е интернет и секој суд има своја интернет страница, преку која граѓаните можат да добијат информации како општи податоци за судот и судската власт.

На интернет страниците континуирано се објавуваат информации за закажани судски рочишта и континуирано се врши објавување на анонимизирани судски одлуки.

Како резултат на позитивните трендови во македонското судство, со јакнење на капацитетот на институциите, подобрувањето на кадровските, просторните и материјалните услови за работа, едукацијата на кадрите, како и со примена на новините во процесните закони, конечно за работењето на судовите во 2010 година можеме да констатираме скоро целосна ажурност и ефикасност во решавањето на предметите.

**2.Состојба со предметите во 2010 година**

Податоците во рефератите по извештаите, покажуваат дека судовите во Република Македонија во 2010 година вложиле голем напор и станува збор за голем број на донесени одлуки.

Во 2010 година според прегледот од Извештаите, состојбата со предметите (остаток од претходна година, новопримени и решени), по судови е следна:

**ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА**

| Ред бр. | Суд | Нерешени | новопримени | вккупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 (3+4) | 6 | 7(5-6) | 8(6-4) |
| 1. | АС Битола | 2.200 | 9.964 | 12.164 | 9.975 | 2.189 | 11 |
| 2. | АС Гостивар | 1.619 | 3.999 | 5.618 | 4.214 | 1.404 | 215 |
| 3. | АС Скопје | 4.239 | 16.339 | 20.578 | 17.208 | 3.370 | 869 |
| 4. | АС Штип | 747 | 6.891 | 7.638 | 7.080 | 558 | 189 |
| | Вкупно предмети апелацио судови | 8.805 | 37.193 | 45.998 | 38.477 | 7.521 | 1.284 |
| 1. | ОС Скопје I Скопје | 54.823 | 85.565 | 140.388 | 91.573 | 48.815 | 6.008 |
| 2. | ОС Скопје II Скопје | 568.606 | 173.570 | 742.176 | 393.542 | 348.634 | 219.972 |
| 3. | ОС Велес | 18.322 | 21.372 | 39.694 | 24.903 | 14.791 | 3.531 |
| 4. | ОС Гевгелија | 2.249 | 12.484 | 14.733 | 13.194 | 1.539 | 710 |
| 5. | ОС Кавадарци | 2.441 | 15.996 | 18.437 | 15.540 | 2.897 | -456 |
| 6. | ОС Кратово | 399 | 2.509 | 2.908 | 2.472 | 436 | -37 |
| 7. | ОС Крива Паланка | 738 | 4.739 | 5.477 | 4.694 | 783 | -45 |
| 8. | ОС Куманово | 42.747 | 28.288 | 71.035 | 33.618 | 37.417 | 5.330 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | ОС Неготино | 13.567 | 6.258 | 19.825 | 7.985 | 11.840 | 1.727 |
| 10. | ОС Гостивар | 37.426 | 32.815 | 70.241 | 39.364 | 30.877 | 6.549 |
| 11. | ОС Дебар | 1.961 | 4.482 | 6.443 | 4.672 | 1.771 | 190 |
| 12. | ОС Кичево | 2.678 | 12.940 | 15.618 | 13.070 | 2.548 | 130 |
| 13. | ОС Тетово | 46.800 | 44.378 | 91.178 | 55.930 | 35.248 | 11.552 |
| 14. | ОС Битола | 31.217 | 28.771 | 59.988 | 36.659 | 23.329 | 7.888 |
| 15. | ОС Крушево | 2.917 | 2.280 | 5.197 | 2.249 | 2.948 | -31 |
| 16. | ОС Охрид | 20.074 | 17.300 | 37.374 | 22.263 | 15.111 | 4.963 |
| 17. | ОС Прилеп | 42.334 | 34.606 | 76.940 | 39.954 | 36.986 | 5.348 |
| 18. | ОС Ресен | 1.363 | 3.769 | 5.132 | 4.129 | 1.003 | 360 |
| 19. | ОС Струга | 10.821 | 14.824 | 25.645 | 17.236 | 8.409 | 2.412 |
| 20. | ОС Берово | 1.409 | 3.439 | 4.848 | 3.913 | 935 | 474 |
| 21. | ОС Виница | 689 | 3.995 | 4.684 | 4.263 | 421 | 268 |
| 22. | ОС Делчево | 1.067 | 5.604 | 6.671 | 5.648 | 1.023 | 44 |
| 23. | ОС Кочани | 10.679 | 14.523 | 25.202 | 15.977 | 9.225 | 1.454 |
| 24. | ОС Радовиш | 2.698 | 8.093 | 10.791 | 9.242 | 1.549 | 1.149 |
| 25. | ОС Св. Николе | 1.652 | 5.019 | 6.671 | 5.242 | 1.429 | 223 |
| 26. | ОС Струмица | 9.052 | 26.998 | 36.050 | 28.102 | 7.948 | 1.104 |
| 27. | ОС Штип | 11.769 | 18.163 | 29.932 | 22.542 | 7.390 | 4.379 |
| | Вкупно предмети основни судови | 940.498 | 632.780 | 1.573.278 | 917.976 | 655.302 | 285.196 |

| | суд | Нерешени | новопримени | вккупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Врховен суд на РМ | 1.194 | 4.214 | 5.408 | 3.371 | 2.037 | -843 |
| 2. | Управен суд на РМ | 10.340 | 9.792 | 20.132 | 6.322 | 13.810 | -3.470 |
| 3. | Вк предмети апелациони судови | 8.805 | 37.193 | 45.998 | 38.477 | 7.521 | 1.284 |
| 4. | Вк предмети основни судови | 940.498 | 632.780 | 1.573.278 | 917.976 | 655.302 | 285.196 |
| | Вкупно: | 960.837 | 683.979 | 1.644.816 | 966.146 | 678.670 | 282.167 |

- Споредбено со претходната година, произлегува дека судовите 2010 година ја почнале со поголем заостаток на предмети, 2009 ја почнале со заостаток од **944.260** предмети, а 2010 година со **960.837** предмети (за **16.577** предмети повеќе или **1,73%**).
-

Во 2010 година споредено со 2009 година, примени се повеќе предмети. Во 2009 година примени се нови **665.971** предмет, а во 2010 година **683.979** нови предмети (што е за **18.008** предмети повеќе од 2009 или **2,70%**).

Оттука, вкупно во работа во 2010 година судовите имале **1.644.816** предмети, а во 2009 година **1.610.231** предмет (што е за **34.585** предмети повеќе или **2,10%**).

Судовите во 2010 година решиле вкупно **966.146** предмети, а во 2009 година **651.794** предмети (што е за **314.352** предмети повеќе или **32,54%**).

Во 2009 останале нерешени **960.837** предмети, а на крајот на 2010 останале нерешени **678.670** предмети (со што заостатокот е намален за **282.167** предмети или **29,37%**).

- Основните судови 2010 година ја започнале со нерешени **940.498** предмети, примиле нови **632.780** предмети или во 2010 година имале вкупно во работа **1.573.278** предмети. Од овие решени се **917.976**, со што останале нерешени **655.302** предмети. (Со тоа основните судови го намалиле заостатокот за **285.196** предмети.)

- Апелационите судови 2010 година ја започнале со нерешени **8.805** предмети, примиле нови **37.193**, со што вкупно во работа имале **45.998** предмети. Во 2010 година Апелационите судови решиле **38.477** предмети, а останале нерешени **7.521** предмет, со што Апелационите судови го намалиле заостатокот за **1.284** предмети.

- Управниот суд ја почнал 2010 година со **10.340** нерешени предмети, примил нови **9.729** предмети, со што вкупно во работа имал **20.132** предмети. Во 2010 година решил **6.322** предмети, со што останале нерешени **13.810** предмети. Со тоа Управниот суд не успеал да го совлада приливот на нови предмети и го зголемил заостатокот за **3.470** предмети.

Од ваквиот преглед, произлегува дека во 2010 година скоро сите судови го совладале приливот, а решавале и од заостатокот на предмети, освен следните судови и тоа за мал број предмети:

**Основен суд Крушево** кој го зголемил заостатокот за **31** предмет; **Основниот суд Кратово** за **37** предмети; **Основниот суд Крива Паланка** за **45** предмети и Основниот суд Кавадарци за **456** предмети.

Апелационите судови успеале да го совладаат приливот на нови предмети, решавајќи и од заостатокот.

Единствено **Управниот суд** не успеал да го совлада приливот, а го зголемил заостатокот за **3.470** предмети.

## 3.Персонален состав

Податоците за кадровската состојба, број на судии, стручни и советници со судска администрација, се значајни од аспект на капацитетот на човечките ресурси како можеме да заклучиме дека судовите во Република Македонија имаат капацитет да воспостават европски стандарди, на времето потребно за пресудување, односно да го обезбедат правото на судење во разумен рок.

- Во 2008 година, судската функција ја извршувале 660 судии, во 2009 година 635 судии, а во 2010 година 682 судии.

- Вкупен број на судии, стручни и администрација во 2008 година 2.877, во 2009 година 2.912 и во 2010 година 3.046.

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО СУДОВИ

## УПРАВЕН СУД

**Управниот суд** претходната година ја завршил со заостаток од **10.340** предмети, а во извештајната 2010 година примени се **9.792** предмети, или вкупно во работа во судот биле **20.132** предмети. Во текот на годината решени се **6.322** предмети, а останале нерешени **13.810** предмети.

Во споредба со 2009 година, во извештајниот период приливот е зголемен за **749** предмети, намален е бројот на решени предмети за **1.535** предмети, поради што заостатокот е зголемен за **3.470** предмети.

Просекот на решени предмети во 2010 година изнесува **602** предмети месечно. Вкупниот број на нерешени предмети е **13.810**, што претставува 22,9 месечен заостаток, поради што Управниот суд према критериумите на Врховниот суд на Република Македонија е **неефикасен суд.**

Работата по предметите во овој суд се одвива во **шест** специјализирани оддели и тоа:

Во **првиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **25,7** предмети месечно. На ниво на оддел, по жалба решени се **52** предмети, од кои укинати **2** или **3,8%,** потврдени **24** или **46,1%,** отфрлени **15** или **28,8%** и преиначени **11** или **21,1%.** Квалитетот на одделот према критериумите на Врховниот суд е **многу добар.**

Во **вториот оддел** постапуваат два совета и тоа втори и седми совет. Просекот на решени предмети во вториот совет изнесува **21,9** предмети месечно, а на седмиот совет **19,6** предмети месечно. На ниво на оддел по жалба се решени **182** предмети, од кои укинати **4** или **2,1%,** потврдени **109** или **59,9%,** отфрлени **22** или **12%** и преиначени **47** или **25,8%.** Квалитетот на одделот према критериумите на Врховниот суд е **многу добар.**

Во **третиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **28** предмети месечно. Од овој оддел по жалба се решени **51** предмет, од кои укинати **5** или **9,8%,** потврдени **35** или **68,6%,** отфрлени **2** или **3,9%** и преиначени **9** или **17,6%.** Квалитетот во овој оддел е **многу добар.**

Во **четвртиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **34,6** предмети месечно. Од овој оддел по жалба се решени **22** предмети, од кои укинати **1** или **4,5%,** потврдени **16** или **72,7%** и преиначени **5** или **22,7%.**

Во **петтиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **26,6** предмети месечно. Од овој оддел по жалба се решени **47** предмети, од кои укинати **8** или **17%,** потврдени **28** или **59,5%,** отфрлени **2** или **4,2%** и преиначени **9** или **19,1%.** Квалитетот во овој оддел е **добар.**

Во **шестиот оддел** просекот на решени предмети изнесува **26,4** предмети месечно. Од овој оддел по жалба се решени **55** предмети, од кои укинати **5** или **9%,** потврдени **28** или **50,9%,** отфрлени **11** или **20%** и преиначени **11** или **20%.** Квалитетот во овој оддел е **многу добар.**

Во однос на решавањето на старите предмети, состојбата со Управниот суд е следна:

Од 2008 година останале нерешени вкупно **1.296** предмети, што споредено со 2009 година бројот е зголемен за **719** предмети.

Ако се има во предвид трендот на зголемување на заостатокот на предмети и покрај проширувањето на систематизацијата на Управниот суд со зголемен број на судии, како императив се наметнува потребата од брзо кадровско екипирање на судот со стручни судски соработници, советници и дактилографи, како би се

обезбедило побрзо пишување на одлуките и зголемување на решените предмети. Поединечните резултати укажуваат на нееднаква ангажираност на судиите во решавањето на предметите и на нееднаква оптовареност со предмети. Изборот на судии од Судскиот совет на Република Македонија треба да се врши побрзо.

# АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

**Апелационият суд Скопје** во 2010 година вкупно имал во работа **20.578** предмети, од кои **4.239** предмети пренесени од 2009 година и **16.339** новопримени предмети. Обемот на работа во извештајната 2010 година во однос на претходната година бил намален за **1.442** предмети. Во текот на годината од вкупниот број предмети, решени биле **17.208** предмети, односно **584** предмети помалку во однос на претходната извештајна година, а останале нерешени **3.370** предмети, што е за **869** предмети помалку во однос на претходната година, што се должи на намалениот прилив, а со тоа и намалениот обем на работа на судот во извештајната година.

Поаѓајќи од вкупниот број решени предмети и бројот на судии кои ја извршуваат судиската функција во извештајната година во овој суд, заостатокот може да се реши до **3 месеци**, што значи дека во однос на својата ефикасност и ажурност за решавање на наведениот заостаток, судот се смета за **апсолутно ефикасен суд**.

Секој судија месечно решавал по **36** предмети.

По однос на **квалитетот на работењето** и тоа поаѓајќи од квалитетот на работењето на ниво на оддел, во **кривичниот оддел** изјавени се правни средства по **287** одлуки на Апелациониот суд, што претставува **4,9%** од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, **190** биле потврдени, што претставува **66,20%** од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, поради што квалитетот на одделот се вреднува со констатација **добар**.

Квалитетот во **граѓанскиот оддел**, каде што спаѓаат **граѓанските спорови, трговските спорови и работните спорови,** по повод изјавени правни средства биле **741** одлуки на Апелациониот суд, што претставува **6,52%** од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои **422** биле потврдени, што претставува **56,95%** од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, се вреднува со констатација **задоволува.**

Општа констатација е дека во Апелациониот суд Скопје постои засилен ангажман на носителите на судиската функција, но заради негово поефикасно и поажурно работење, неопходно е пополнување на **бројот на судиите согласно одлуката на Судскиот совет на Република Македонија**, според која функцијата во овој суд треба да ја извршуваат 52 судии и претседателот на судот, а во извештајната година судот работел со 45 судии. **Потребно е судот да се доекипира со непополнетниот стручен судски кадар**.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

Во **Апелациониот суд Гостивар** во текот на 2010 година имал вкупно во работа **5.618** предмети од кои **1.619** предмети незавршени од претходдната година и новопримени во 2010 година по сите основи **3.999** предмети.

Во текот на извештајната година решени се **4.214** предмети, што претставува **75%** од вкупниот број предмети во работа, а споредено со примените предмети,

приливот е совладан или решени се повеќе **5,11%** или **215** предмети, а незавршени останале **1.404** предмети.

Со оглед да ваквиот број на незавршени предмети покажува дека на секој од судиите на крајот на извештајниот период во работа му останале **93,6** предмети, што претставува приближно **тромесечен заостаток**, може да се каже дека судот спаѓа во категоријата на **апсолутно ажурни судови**.

По однос на обемот на работата, во извештајната година судот успеал да го совлада годишниот прилив на предмети, а судиите поединечно ја остваруваат ориентационата норма.

По однос на квалитетот во пресудувањето, состојбата е следна:

Во **граѓанската материја** од доставените **106** вонредни правни лекови пред Врховниот суд на Република Македонија, одлучено е по **64** предмети, од кои **54** или **84,4%** потврдени, **4** укинати или **6,25%** и **6** преиначени или **9,38%.**

Во **кривичната материја** од вкупно **65** предмети по кој постапувал Врховниот суд на Република Македонија, **55** или **84,6%** се потврдени, **9** се укинати или **13,8%** и во еден случај одлуката е преиначена или **1,5%.**

Со оглед на презентираните податоци може да се констатира дека квалитетот и во **граѓанската** и во **кривичната материја** може да се вреднува со констатацијата **одличен**.

Во однос на ангажираноста и квалитетот на судиите, во **граѓанскиот оддел**, судиите просечно месечно решавале по **22,93** или **88,19%** ГЖ предмети, **5,76** или **22,16%** ТСЖ предмети и **3,27** или **12,57%** РОЖ предмети.

Во **кривичниот оддел**, судиите просечно месечно решавале по **10,23** КЖ предмети или **40,92%, 2,53** предмети КСЖ предмети или **10,12%** и по **1,35** КР предмети или **5,4%.**

Во однос на состојбата со **старите нерешени предмети**, според податоците за основните судови од ова апелационо подрачје, произлегува дека најголемиот број на стари нерешени се извршните предмети.

Општа констатација е дека судот постигнал добри резултати во работењето во извештајната година, со тоа што успеал да го совлада годишниот прилив на предмети, меѓутоа, фактот што во извештајната година се примени во работа помал број предмети од претходната година, само по себе значи дека судот решавањето на овој проблем не треба да го бара во зголемување во бројот на судии.

По однос на квалитетот, искажаните податоци по сите основи, покажуваат дека има високо ниво на квалитет во постапувавањето, што не значи дека судот и по ова прашање не треба да посвети дополнително внимание, бидејќи квалитетот се поставува како императив во постапувањето на судот ако се имаат во вид и резултатите и податоците од работењето на основните судови од ова апелационо подрачје. Апелациониот суд Гостивар мора континуирано да укажува и да помага на пониските судови во делот на судската пракса и воедначена примена на законите и решавањето на старите предмети. Заклучните согледувања од минатиот извештаен период и предлог мерките кои судот ги презел во тој предпериод дале резултат со кој судот треба да продолжи.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Во **Апелациониот суд Битола** во 2010 година имал вкупно во работа **12.164** предмети или **550** предмети повеќе споредено со 2009 година кога имало во работа **11.614** предмети. Од нив во извештајната година решени се **9.975** предмети, односно **561** предмет повеќе од претходната година. Во 2010 година бил решен приливот и намален заостатокот за **11** предмети, односно од **2.200** предмети во 2009 година, на **2.189** предмети во 2010 година.

Со оглед на вака изразените податоци, споредбено со 2009 година, може да се констатира дека Апелациониот суд Битола и во извештајната година е **апсолутно ефикасен суд,** бидејќи ваквиот заостаток може да се реши за 2,5 месеци.

Во однос на ангажираноста на работата по оддели, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** во 2010 година не е совладан приливот, а е зголемен заостатокот за **88** предмети.

Во **граѓанскиот оддел** приливот е совладан и заостатокот е намален за **127** предмети.

Судиите решавале над ориентационата норма и во кривичната и во граѓанската област и во просек месечно решавале поединечно по 34,13 предмети.

Општа констатација е дека Апелациониот суд Битола за извештајниот период во целост ги применил предлог мерките што биле дадени за тој период, што резултирало со подигнување на нормата на повисоко ниво и подобрување на квалитетот на одлуките. За нормално функционирање, ефикасно и квалитетно одлучување по предметите, потребно е водење на добра кадровска политика при избор на судија за секое испразнето место од соодветна област и со добри резултати од првостепените судови. Во 2011 година да се пополнат сите испразнети места за стручниот кадар и административно-техничкиот кадар, а согласно систематизациите и да се интензивира соработката со Врховниот суд на Република Македонија. Неопходно е да се следи остварувањето на планот на решавањето на старите нерешени предмети во текот на 2010 година кај основните судови, а по барање на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на помош во пресудувањето и воедначување на примената на законите.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

Во 2010 година во **Апелациониот суд Штип** имало во работа вкупно **7.638** предмети од кои **747** предмети нерешени од претходната година по сите основи и **6.891** предмет новопримени во текот на извештајната година. Од вкупниот број на предмети решени се **7.080** предмети, а останале нерешени по сите видови вкупно **558** предмети.

Споредено со претходната 2009 година, кога се примени во работа **6.283** предмети, произлегува дека во извештајната година е зголемен бројот на новопримени предмети за **608** предмети. Заостатокот на крајот од 2009 година изнесува вкупно **747** предмети, а пак заостатокот на нерешени предмети на крајот на 2010 година изнесува **558** предмети, што значи дека во однос на претходната година заостатокот е намален за **189** предмети иако е зголемен бројот на новопримени предмети, а тоа подразбира дека судот е апсолутно ажурен.

Оваа констатација се заснова на фактот што овој заостаток на предмети може да се совлада за помалку од **1 месец**, а доколку судиите во просек би решавале по **33** предмети.

Компарирајќи ги сите статистички податоци кои се однесуваат на времетраењето на постапката, може да се заклучи дека Апелациониот суд Штип за 2010 година во целост е **ажурен суд** од причина што вкупниот број на решени предмети во голем дел се решени до **3 месеци** или **91%** од предметите.

Во однос на квалитетот на работењето, во текот на 2010 година, процентот на потврдени одлуки е многу висок. Од граѓанските предмети, од страна на Врховниот суд на Република Македонија вратени се **145** предмети од кои **88** предмети се потврдени или **61%, 12** предмети се укинати или **8%, 19** предмети се преиначени или **13%** и по **26** предмети е отфрлен правниот лек или **18%.**

Во текот на 2010 година, Врховниот суд на Република Македонија постапил по **54** кривични предмети по поднесено барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда од кои **52** предмети или **95%** се потврдени, **1** предмет е преиначен и **2** предмети се укинати.

Во кривичниот оддел според показателите произлегува дека вонредните правни лекови се одбиени со над **80%,** што значи станува збор за квалитетни одлуки на второстепениот суд и забележан многу добар успех, а во граѓанските предмети, според бројот на потврдени одлуки квалитетот може да се вреднува со квалификацијата задоволува.

Сите судии се целосно ангажирани во ефикасно и квалитетно решавање на предметите, така што во однос на кривичните предмети показателите покажуваат дека секој судија решава по **17** предмети месечно, истовремено решава и по **49** прекршочни предмети, а додека пак граѓанските судии решавале по **27** предмети под ГЖ, како и по **28** од работните спорови, но истовремено постапувале и по **11** предмети од стопанските спорови секој месец.

Општа констатација е дека Апелациониот суд Штип апсолутно ефикасно и ажурно ја извршува предметната активност и постапувањето по предметите, меѓутоа, значително е забележителна и вонпредметна ангажираност на сите судии изразена со давање на стручна помош на судиите на пониските судови на подрачјето, разјаснување на спорни прашања, учество на континуирана едукација, семинари, советување и тркалезни маси, како и други активности поврзани со извршување на судиската функција. Апелациониот суд Штип уште поефикасно би ја извршувал работата доколку оствари доекипирање на судот со пополнување на работните места, посебно во однос на дактилографите, бидејќи недостигот на истите се одразува на ефикасноста и на квалитетот во работењето и одржувањето на главните претреси расправите.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ

**Основниот суд Скопје I Скопје** е кривичен суд со **основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје,** како и суд кој постапува по предмети од организиран криминал и корупција за територијата на цела Република Македонија.

Работата во Основниот суд Скопје I Скопје е организирана по оддели и одделенија и тоа: кривично одделение за организиран криминал и корупција, кривичен оддел за полнолетни, кривичен оддел за малолетници, истражен оддел, оддел за прекршоци и оддел за извршување на санкции и мерки на безбедност.

Од претходната година останале нерешени **54.823** предмети, новопримени во текот на годината се **85.565** предмети, вкупно во работа биле **140.388** предмети, од нив решени се **91.573** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **48.815** предмети.

Приливот на предмети во целост е совладан, предметите по кои постапува овој суд се особено обемни, сложени, со огромен доказен материјал и со голем број на обвинети, бидејќи е единствен основен суд кој постапува по предметите за организиран криминал и корупција на целата територија на Република Македонија.

По однос на квалитетот на одлуките според просекот на ниво на оддел на сите судии, се констатира следното:

Во одделот за организиран криминал-полнолетни лица со просек од **68,75%** потврдени пресуди, квалитетот е **многу добар.**

Квалитетот на кривичните предмети за полнолетни лица на ниво на оддел е **62,08%** и е **добар квалитет.**

Квалитетот на предметите на кривичниот совет за полнолетни од **85,19%** потврдени предмети е **одличен** квалитет.

Квалитетот кај малолетничките предмети со процент од **72,73%** потврдени предмети е **многу добар** квалитет.

Квалитетот на прекршочните предмети со **58,77%** потврдени предмети на ниво на оддел е **задоволувачки** квалитет.

Вкупниот број на стари нерешени предмети изнесува **2.022** предмети, од кои најголем број се од 2008 и 2007 година.

Во иднина, потребно е приоритетно да се решат финансиско-материјалните проблеми на судот, за да може да работи посветено и поефикасно како што и досега работел, а со изградба на новата зграда ќе работи во посоодветни услови.

Со докомпјутеризација и решавање на проблемите со АКМИС програмата, заради правилно и целосно функционирање на истата во овој суд, ќе се зголем ажурноста и квалитетот.

Потребно да се пополнат сите непополнети работни места, за да продолжи транспарентноста на судот по однос на јавноста, со оглед на видот и карактерот на предметите по кои постапува.

Судот треба да продолжи со објавување на одлуките на судот на ВЕБ страната, како и да продолжи постојаната едукација на судиите и на сите останати вработени за поуспешно и поефикасно постапување, како и поквалитетно донесување на сите одлуки. Со ова ќе се зголеми ефикасноста и ажурноста во постапувањето со предметите, ќе се зајакне довербата на граѓаните во независноста на судството и судскиот систем, а особено во работата на овој суд кој е единствен за ваков вид на кривични дела на подрачје на цела Македонија.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

**Основниот суд Скопје II Скопје** функционира како граѓански суд со **основна и проширена надлежност за подрачјето на град Скопје.**

Во извештајната година овој суд имал вкупно во работа **742.176** предмети од кои **568.606** предмети без укинатите предмети останати нерешени од претходната година и **173.570** предмети новопримени во текот на годината. Вкупно решени се **393.542** предмети, а останале нерешени **348.632** предмета.

Овие податоци укажуваат дека во 2010 година совладан е годишниот прилив на предмети и тоа: совладан е приливот во одделот за имотни спорови, трговски спорови, одделот за стечај и ликвидација, извршниот оддел, одделот за платни налози, како и за регистрација на политички партии, верски заедници, цркви и религиозни групи. Само во одделот за семејни спорови и мала вредност, одделот за работни спорови, одделот за оставински и ВПП предмети не е совладан приливот, но тоа не ја нарушува состојбата на судот на годишно ниво. Треба да се истакне дека е зголемен бројот на решени предмети за **293.243** предмети или во процент за **74,5%.**

Со оглед на бројот на нерешените предмети, односно заостатокот на предмети, изнесува толку да со постојаниот број на судии и административно-технички кадар може да се совлада за период подолг од **1 година**, поради што овој суд е во групата на **неефикасни судови**.

Во однос на квалитетот на решавањето на предметите, состојбата е следна:

Квалитетот на одлуките во **граѓански парнични предмети** е **69,6%** од одлуките се потврдени, **20,5%** се укинати, **2%** се делумно укинати, а **7,9%** се преиначени. Квалитетот на ниво на оддел се вреднува со констатацијата **добар.** Квалитетот на донесени одлуки во одделот за работни спорови од **58%** потврдени одлуки што се вреднува со констатацијата **задоволува.**

Квалитетот на донесени одлуки во **одделот за трговски спорови** изнесува **74,7%** потврдени, што се вреднува со констатацијата **многу добар**.

Во **одделот за стечај и ликвидација** соодносот на вратени предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е **90%** од одлуките се потврдени, што се вреднува со квалитет на одделот со констатација **одличен.**

Квалитетот на донесени одлуки во **одделот за оставински и вонпроцесни предмети** изнесува **74,2%** потврдени, што се вреднува со констатацијата **многу добар.**

Кај **извршните предмети**, процентот на потврдени изнесува **65,6%,** што се вреднува со констатацијата **задоволува.**

Квалитетот на одлуките од аспект на постапување на Апелациониот суд Скопје во однос на вратени предмети во одделот за платни налози е **77,8%** потврдени одлуки, што се вреднува со констатацијата **многу добар.**

Состојбата со **укинатите предмети** на ниво на суд изнесува **1.349** предмети укинати од Апелациониот суд Скопје и **33** предмети укинати од Врховниот суд на Република Македонија.

Општа констатација е дека и опкрај максималната ангажираност од носителите на судиската функција во судот, за да може судот ефикасно да ја остварува својата функција и надлежноста што му е доверена со закон, потребно е целосно персонално да се екипира судот и да се одобрат финансиски средства за целосно покривање на материјално-финансиските потреби.

## ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

**Основниот суд Велес** во текот на 2010 година својата функција како првостепен стварно и месно надлежен суд со **проширена надлежност,** а постапува и по предмети од подрачјето на основните судови Гевгелија, Кавадарци и Неготино.

Во извештајната година во Основниот суд Велес вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува **18.322** предмети, а во текот на годината новопримени се **21.372** предмети, што значи вкупно во работа биле **39.694** предмети. Од нив во текот на годината решени се **24.903** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **14.791** предмет. Според овие податоци, во текот на извештајната година Основниот суд Велес го совладал приливот и го намалил заостатокот на предмети, бидејќи од претходната година имало **18.322** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **14.791** предмет, кој заостаток го вбројува судот во **релативно ажурни судови.**

Во однос на квалитетот на решавање на предметите, состојбата е следна:

Во **кривичните** предмети на ниво на оддел **59,5%** се потврдени, **28%** се укинати, **12%** се преиначени и **0,5%** делумно укинати.

На ниво на **прекршочен оддел 54%** се потврдени, **13,9%** укинати, **30,7%** преиначени и **0,5%** делумно укинати.

На ниво на **граѓански оддел 80%** се потврдени, **13,8%** укинати, **4,2%** преиначени и **2%** делумно укинати.

**Вонпарничните предмети** на ниво на оддел **66,7%** се потврдени, **26,7%** укинати и **6,5%** преиначени. Во **граѓанскиот оддел** приливот е совладан и намален е заостатокот, а квалитетот на постапувањето се оценува како **многу добар**.

Во однос на квалитетот на решавање на предметите во **кривичниот оддел** кој изнесува **59,5%**, укажува на потребата од подобрување на квалитетот на одлучувањето, бидејќи истиот заостанува во однос на квалитетот на одлучувањето во граѓанскиот оддел.

Во извештајната година во Основниот суд Велес на крајот на 2010 година останале незавршени 401 стари предмети.

Општа констатација е дека Основниот суд Велес работел ефикасно во текот на 2010 година, поради што е совладан приливот и намален заостатокот на предмети, меѓутоа и понатаму останува потребата од вложување напори за уште поголемо ангажирање на судиите, стручните работници и администрацијата, со што се очекува решавање на уште поголем број предмети и подобрувањето на квалитетот на пресудувањето, што ќе го вброи овој суд во групата на ефикасни судови. Основниот суд Велес има извонредни услови за работа како просторни, така и во однос на техничката опременост.

**ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**

**Основниот суд Гевгелија** е суд со **основна надлежност.**

Во текот на 2010 година во Основниот суд Гевгелија во работа имало вкупно **14.733** предмети, од кои **2.249** предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а **12.484** предмети се новопримени. Во однос на претходната година кога судот во работа имал вкупно **19.042** предмети, во извештајната година обемот на предмети во работа е намален за **4.308** предмети, а исто така и приливот на предмети е намален за **1.684** предмети. Во текот на извештајната година решени се вкупно **13.194** предмети или **89,55%,** а останале нерешени **1.539** предмети или **10,44%.**

Ваквите податоци укажуваат дека во извештајната година Основниот суд Гевгелија остварил позитивни резултати, бидејќи целосно е совладан приливот и за **710** предмети намален заостатокот на нерешени предмети, што ја дава квалификацијата на **апсолутно ефикасен суд**.

Во однос на ангажираноста и квалитетот во постапувањето, согласно податоците евидентно е дека судиите не успеале да ја исполнат ориентационата норма во решавањето на спорните предмети.

Во однос на **квалитетот од вкупно решените предмети**, обжалени се **994** предмети од кои **653** се потврдени или **65,7%, 223** предмети се укинати или **22,4%,** а **107** се преправени или **10,8%.**

Поединечно по судии, квалитетот на одлучувањето се движи кај потврдени од **54,2** до **75%,** кај укинати од **8,6** до **45,8%** и кај преиначени одлуки од **1,8** до **27%.**

Во однос на состојбата со старите предмети во извештајната година, вкупно во работа имало **244** стари предмети од кои **113** се пренесени како нерешени од претходниот период, новопримени се **41** предмет од кои решени се **144** предмети или **59,01%,** а останале нерешени **100** предмети или **40,99%.**

Општа констатација е дека Основниот суд Гевгелија треба да продолжи со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките, со интензивирање на процесот на целокупното работење преку засилен личен ангажман на судиите во насока на решавање на поголем број предмети, подобрување на квалитетот во пресудувањето и постојано стручно усовршување на судиите и судската администрација.

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**

**Основниот суд Кавадарци** е суд со **основна надлежност.**

Во овој суд во текот на 2010 година вкупно во работа биле **18.437** предмети од кои **2.441** предмет останати нерешени од претходната година, а во текот на годината новопримени се **15.966** предмети. Од нив, решени биле **15.540** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **2.897** предмети.

Во текот на извештајната година, судот примил **5.894** предмети повеќе од претходната 2009 година, решил повеќе **1.402** предмети, но заостатокот е зголемен за **456** предмети.

Според бројот на нерешени предмети на крајот од годината, Основниот суд Кавадарци се вбројува во групата на **ефикасни судови**.

Од вкупниот број на нерешени предмети во **граѓанскиот оддел** останале нерешени **1.249** предмети, а во **кривичниот оддел** останале нерешени **1.647** предмети.

Што се однесува до **квалитетот во пресудувањето**, состојбата е следна:

Квалитетот на одлуките во **граѓанскиот оддел** за парнични предмети изнесува **73,14%** потврдени, **16,35%** укинати и **7,91%** преиначени и се оценува како **многу добар**.

Квалитетот на одлуките во **кривичниот оддел** изнесува **65,43%** потврдени, **25,93%** укинати и **4,94%** преиначени и се оценува како **добар.**

Квалитетот на одлуките во **прекршочните предмети** изнесува **69,08%** потврдени, **19,85%** укинати и **10,31%** преиначени и се оценува како **добар.**

Во однос на состојбата со старите предмети, во извештајната година, судот завршил **131** пар.предмет, а нерешени останале **401** предмет од кои **269** извршни и **119** оставински предмети.

Општа констатација е дека според зголемениот прилив на предмети, ангажираноста на судиите може да се оцени како **примерно**, односно бројот на решени парнични предмети од судија до судија се движи од **7,33** до **10,38** предмети месечно, сметано за **10,5** месеци.

Со оглед на тоа што судиите од овој оддел, покрај парничните предмети решавале и други видови на предмети, ангажираноста на судиите се оценува како **задоволителна**, а судиите во кривичниот оддел решавале различни видови предмети, меѓутоа просекот на решени кривични предмети месечно се движи од **10,38** до **14,38** предмети. Истражни предмети од **1,43** до **2,29**, истражни дејствија месечно од **9,14** до **16,10** предмети и бидејќи судиите во овој оддел постапуваат и по прекршочни предмети, ангажираноста се оценува како добра.

Општа констатација е дека во тековната 2001 судот ќе треба да го задржи степенот на ангажираност во решавањето на предметите од 2010 година, а судиите да го подигнат квалитетот при пресудувањето на кривичните и прекршочните предмети.

## ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

**Основниот суд Кратово** е суд со **основна надлежност.** Во текот на 2010 година во овој суд вкупно по сите основи биле примени се **2.509** предмети и заедно со **399** нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле **2.908** предмети. Во текот на 2010 година, решени биле **2.472** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **435** предмети. Судот во текот на 2010 година не го совладал приливот, односно, заостатокот во оваа година се зголемил за **37** предмети.

Со оглед на бројот на останати нерешени предмети кој може да се совлада за период до **3 месеци**, овој суд може да се оцени како **апсолутно ефикасен суд.**

Во однос на ангажираноста на судиите, може да се констатира дека судиите ја оствариле ориентационата норма, а во однос на квалитетот на одлучувањето, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решени **106** предмети на ниво на суд, обжалени биле вкупно **40** предмети или **37,7%** од кои потврдени се **23** предмети или **57,5%,** укинати се **13** предмети или **32,5%** и преиначени **4** предмети или **10%.**

Во **прекршочниот оддел** од вкупно решени **316** предмети на ниво на суд, обжалени се **36** предмети од кои **14** предмети или **38,9%** потврдени, укинати се **13** предмети или **36,1%,** а преиначени **9** предмети или **25%.**

Во **граѓанскиот оддел** кај парничните предмети од вкупно решените 163 предмети на ниво на суд, обжалени биле **99** предмети или **65%** од кои потврдени се вкупно **67** предмети или **67,7%,** укинати **22** предмети или **22,2%** и преиначени **9** предмети или **9%.**

Во Основниот суд Кратово вкупно стари нерешени предмети има **4** и тоа од областа на истрагите и кривичните предмети од кои **2** од 2007 и **2** од 2008 година.

Судиите ја оствариле ориентационата норма.

Општа констатација е дека во извештајната година судот бил целосно персонално екипиран, во однос на бројот на судиите, согласно одлуката за бројот на судиите, што укажува на тоа дека треба да се настојува да се пополни тој број и да се подобрат просторните и финансиските услови за работа, а со оглед на малиот број решени извршни предмети во текот на 2010 година, треба да се зголеми ангажираноста на судиите во решавањето на овие предмети.

## ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

**Основниот суд Крива Паланка** е суд со **основна надлежност.**

Во текот на извештајната година во Основниот суд Крива Паланка биле вкупно во работа **5.477** предмети од кои **738** останати нерешени предмети од претходната година и **4.739** предмети новопримени во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа во текот на годината биле решени **4.694** предмети од сите видови, односно останале нерешени **783** предмети.

Во однос на квалитетот и ангажираноста на судиите во Основниот суд Крива Паланка, може да се констатира дека тој варира во различни проценти, со оглед на тоа што судиите се ангажирани и работат повеќе видови предмети.

Во однос на старите предмети во Основниот суд Крива Паланка се постигнати значителни резултати, така што во текот на 2010 година во овој суд има само **15** стари предмети.

Од показателите дадени во извештајот, произлегува заклучочкот дека судот и покрај дефицитарноста на судиски и стручен кадар во 2010 година, со својата напорна работа, ефикасност и ажурност, успеал да го задржи статусот на **апсолутно ефикасен суд,** кој го има повеќе години, но во иднина секако треба да се направи поголем напор во ангажирањето на решавање на поголем број на предмети и заостатокот од мал број на стари предмети да се надмине, како и за подобрување на квалитетот на решавањето и пресудувањето, кое се утврдува од бројот на укинати и потврдени предмети и би се постигнале поголеми резултати во оваа смисла.

## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

**Основниот суд Куманово** спаѓа во судовите со **проширена надлежност.**

Во текот на 2010 година во Основниот суд Куманово во работа имало вкупно **71.035** предмети од кои **42.474** предмети останати нерешени од претходната година и новопримени **28.288** предмети. Во текот на годината биле решени **33.618** предмети, а останале нерешени **37.417** предмети.

Во извештајната година приливот во Основниот суд Куманово е зголемен во однос на претходната година, меѓутоа истиот е совладан и бројот на нерешените предмети за **5.333** предмети помал во однос на претходната година кога биле **42.747** предмети. На крајот на 2010 година овој број изнесувал **37.417** предмети. Со оглед на фактот дека во извештајната година приливот на предметите по сите основи е совладан, произлегува дека судот работел ажурно, но поради поголемиот број нерешени предмети, судот за разлика од претходната година кога спаѓал во групата на неефикасни судови, во текот на оваа година направил значителен напредок, со тоа што влегува во групата на **релативно ефикасни судови**.

Во однос на **квалитетот на решавање на предметите** состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** кај парничните предмети, вкупниот број на потврдени одлуки изнесува **475** предмети или **83,50%,** преиначени **2,9%** и укинати **13,6%,** додека кај стопанските спорови, вкупниот број на потврдени предмети изнесува **177** или **95,03%** укинати или **93,03%,** укинати **4%** и преиначени **0,97%.**

Во **кривичниот оддел** процентот на потврдени одлуки изнесува **84,79%,** укинати **10,73%** и преиначени **4,48%.**

Во прекршочните предмети процентот на потврдени одлуки изнесува **97,79%,** на укинати **1,23%** и преиначени **0,98%.**

Со оглед на изнесените податоци во однос на квалитетот на решените предмети по оддели, може да се констатира дека квалитетот во граѓанскиот оддел, во стопанскиот оддел, кривичниот оддел и прекршочниот оддел се оценува со констатацијата **одличен.**

Општа констатација е дека Основниот суд Куманово во текот на извештајната година го совладал приливот на предметите и решени се над **5.330** предмети повеќе во однос на претходната година, но и покрај покажаните резултати, во оваа година судот треба да ја одржи тенденцијата на подобрување и да вложи уште поголемо ангажирање на судиите и стручните соработници и администрацијата, со што се очекува решавање на уште поголем број предмети, поквалитетно решавање на истите, со што судот би можел да се вброи во групата на ефикасни судови. Во Основниот суд Куманово значително се подобрени и просторните услови и техничката опременост.

## ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО

**Основниот суд Неготино** е суд со **основна надлежност.**

Во текот на извештајната 2010 година судот имал **13.567** предмети по сите основи од претходната година, новопримени биле **6.258** предмети или вкупно во работа во извештајната година биле **19.825** предмети. Од нив во текот на годината решени се **7.985** предмети, а останале нерешени **11.840** предмети. Во текот на годината постигнати се добри резултати, приливот на предмети во целост е совладан, решени се **1.727** предмети повеќе од новопримените, со што за толку е намален заостатокот на предмети од вкупниот број на предмети што биле во работа. Според постигнатите резултати, судот спаѓа во групата на **апсолутно ефикасни судови**.

Во однос на **квалитетот на пресудувањето**, состојбата е следна:

Просечниот квалитет на судиите кои биле ангажирани во граѓанскиот оддел изнесува **82,8%** на потврдени пресуди, **14%** укинати и **3,2%** преиначени одлуки.

Во **кривичниот оддел**, постигнатиот квалитет во просек изнесува **52,2%** на потврдени предмети, **38,7%** укинати и **9,1%** преиначени.

Во **прекршочниот оддел**, просекот на квалитетот изнесувал **46,8%** на потврдени предмети, **12,9%** укинати и **40,3%** преиначени предмети.

Според изложените податоци може да се констатира дека квалитетот на работата на судиите кои биле ангажирани во граѓанскиот оддел е **одличен**, во кривичниот оддел е **задоволителен**, а во прекршочниот отсек, **незадоволителен.**

Во извештајната година, во судот останале незавршени **64** стари предмети и тоа **2** кривични, **59** граѓански и **3** прекршочни предмети.

Општа констатација е дека во Основниот суд Неготино се постигнати значителни резултати во поглед на решавањето на предметите во смисла на совладување на приливот на нови предмети, а истовремено и намалување на заостатокот на предметите од вкупниот број на предмети во работа, но треба да се обрне поголемо внимание на подобрување на квалитетот на работењето, посебно во кривичниот и прекршочниот оддел. Судот работи во добри просторни услови и со задоволувачка информатичка технологија со која е овозможена целосна примена на АКМИС-от.

## ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

**Основниот суд Гостивар** е суд со **проширена надлежност.**

Во текот на 2010 година Основниот суд во Гостивар во работа имал вкупно **70.241** предмет од кои **37.426** предмети се пренесени како нерешени од претходна година, а во текот на годината се новопримени **32.815** предмети.Во однос на претходната година кога биле примени во работа **33.156** предмети, во извештајната година се примени помалку **314** предмети.

По однос на обемот на работа во граѓанскиот оддел, судот не го совладал приливот и го зголемил заостатокот на нерешени предмети, а во однос на квалитетот во работењето на ниво на оддел, истиот може да се оцени како **задоволителен**.

Што се однесува до квалитетот на работа во **одделот – стопански парници, стечај и ликвидации,** истиот се оценува како **задоволителен**, но и натаму е присутна состојбата на зголемување на бројот на нерешени предмети.

Во однос на **вонпарничната постапка**, во текот на 2010 година, бројот на заостанати предмети од претходните години е зголемен, а судот не успеал да го совлада приливот, па воедно и квалитетот на работата во овој оддел бил оценет како незадоволителен.

Во **извршниот отсек**, со оглед на новата надлежност во извршувањето, бројот на извршните предмети во однос на претходната година е намален.

Во **кривичниот оддел** не е совладан приливот на предмети и е зголемен заостатокот на предмети, освен кај прекршочните предмети, каде бројот на нерешените предмети покажува значително намалување. Во однос на квалитетот на раобта во кривичниот оддел има голем број на укинати предмети.

Во однос на ангажираноста на судиите може да се констатира дека судиите решавале приближно до ориентационата норма без да ја постигнат истата, со исклучок на прекршочните предмети каде судиите решавале и над ориентационата норма.

Во извештајната година, Основниот суд Гостивар тргнувајќи од своите програмски определби, посебно внимание посветувал во решавањето на **старите предмети по оддели** и тоа како во граѓанскиот, така и во кривичниот оддел, така што, како заостанати нерешени предмети во текот на извештајната година во судот имало вкупно **395** предмети од сите видови и врз основа на програмата за намалување на бројот на старите нерешени предмети, истите во целост се решени заклучно со примените до 2008 година. На преостанатиот дел, судот и во иднина ќе

им посветува посебно внимание со почитување на програмата за решавање на стари предмети.

Општа констатација е дека во 2010 година Основниот суд Гостивар е во редот на **ефикасни судови**, бидејќи го решил приливот на новодојдени предмети, а го намалил и заостатокот на нерешени предмети, но и понатаму останува констатацијата дека квалитетот во одлучувањето е оценето со констатацијта **задоволува,** што укажува дека генерално на ниво на суд, со разлика во поединечните оддели, но и понатаму останува укажувањето за неопходната потреба од заложба на судиите за значително подобрување на квалитетот во пресудувањето. За да се надминат состојбите во претстојниот период, потребно е да се подигне ефикасноста и ажурноста на судот преку пополнување на судиските места кои што се предвидени, а и во извештајната година да се подобри состојбата со финансиските средства за редовно работење на судот.

## ОСНОВЕН СУД ДЕБАР

**Основниот суд Дебар** како првостепен суд со основна надлежност во 2010 година имал вкупно во работа **6.443** предмети од кои **1.961** предмет незавршени од претходните години и **4.482** новопримени предмети. Од овој број на предмети во текот на годината решени се **4.672** предмети, а на крајот на годината останале **1.771** предмет нерешен. Споредено со незавршените во 2009 година, оваа година приливот на нови предмети бил совладан, а заостатокот на незавршените предмети бил намален за **190** или **9,68%**. Ваквата констатација во однос на податоците со предметите укажува дека Основниот суд Дебар се вбројува во групата на **ефикасни судови.**

Во однос на вреднувањето на **квалитетот и констатации за ангажираноста** и **квалитетот во работата на судиите**, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** во однос на парничните предмети во текот на извештајната година биле решени **998** предмети од вкупно **1.228** предмети во работа, а останале незавршени **230** предмети, што претставува намалување на заостатокот за **51** предмет или **18,14%.**

Од вкупно завршените **предмети парнични** во овој оддел, биле обжалени **68** од кои потврдени **30** или **44,11%, 30** или **48,52%** укинати и **3** или **4,41%** преправени.

Овие податоци покажуваат дека квалитетот на работењето на судиите во овој оддел може да се изрази со констатацијата **незадоволителен**.

Во Основниот суд Дебар, во извештајната година вкупно во работа биле **86** предмети, од кои **12** незавршени од претходните години и **74** новопримени. Во текот на годината завршени се **58** предмети, а останале нерешени **28** предмети, што значи, не е совладан приливот и заостатокот кај овој вид предмети е зголемен за **16**. Од вкупно завршените кривични предмети обжалени биле **11** од кои **6** или **54,54%** биле потврдени и **5** или **45,46%** укинати.

Од овие податоци може да се искаже констатација за квалитетот на работењето по овој вид на предмети како **задоволителен**.

Кај **прекршочните предмети**, во извештајната година во судот вкупно во работа биле **1.319** предмети од кои **369** заостаток од претходните години и **950** новопримени. Во текот на годината решени се **1006** предмети, а останале нерешени **313** предмети, што значи дека приливот бил совладан и заостатокот намален за **56** или **15,17%.** Малиот обем на работа во Основниот суд Дебар во однос на прекршочните предмети, не овозможува за овие судии да се искаже квалитетот на работењето со соодветна констатација.

Општа констатација е дека врз основа на искажаните резултати, Основниот суд Дебар во 2010 година го совладал приливот на ноите предмети и го намалил заостатокот, но искажаните податоци и констатации за квалитетот на работата на судот го наметнува заклучокот дека во наредниот период е потребна многу поголема ангажираност на судиите за лично едуцирање и усовршување со што би се подобрил квалитетот во пресудувањето.

По однос на старите предмети во Основниот суд Дебар, во 2010 година има вкупно **1.070** стари предмети од кои најмногубројни **1.015** предмети се извршните, а најстариот незавршен предмет е оставински и е од 1997 година. Основниот суд Дебар својата функција ја извршувал во солидни кадровски и просторни услови.

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

**Основниот суд Кичево** е суд со **основна надлежност.**

Во извештајната година, Основниот суд Кичево имал вкупно во работа **15.618** предмети, од кои **2.678** предмети незавршени од претходниот период и **12.940** новопримени предмети во текот на годината.

Во текот на годината решени се **13.070** предмети, а останале нерешени **2.548** предмети. Во однос на констатациите за ангажираноста и квалитетот на постапувањето во одделите во Основниот суд Кичево, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел**, обжалени се **270** предмети или **34,48%,** а второстепениот суд постапил по **405** предмети од кои **254** предмети се потврдени или **62%, 122** предмети се укинати или **71%** и **29** предмети преиначени или **7,16%.**

Од овие податоци произлегува дека квалитетот на граѓанскиот оддел е **добар**, поради што во претстојниот период е потребно судиите да направат поголеми залагања за подобрување на квалитетот на решавање во овој оддел.

Кај **кривичните предмети** против полнолетни лица решени биле **271** предмет, а останале нерешени **146** предмети, што споредено со претходните податоци произлегува дека судот не го решил приливот на предметите и го зголемил заостатокот на нерешени предмети од оваа област.

Во извештајната година од вкупно обжалените **92** кривични предмети против полнолетно лице од кои второстепениот суд постапил по **87** предмети, потврдени се **47** или **54,02%,** укинати се **33** предмети или **37,93%** и преправени **6** предмети или **6,89%.**

Од овие податоци произлегува дека судот постапувал со **задоволителен** квалитет, поради што останува констатацијата дека е потребно поголемо внимание за подобрување на квалитетот и во овој вид предмети.

Што се однесува до квалитетот кај **прекршочните предмети** од **470** предмети обжалени, потврдени се **276** или **58,7%**, укинати **97** предмети или **20,63%** и преиначени **97** предмети или **20,63%.**

Од овие податоци произлегува дека квалитетот во работењето и во прекршочните се вреднува со констатацијата задоволува.

Во однос на состојбата со старите предмети, во текот на 2010 година, од вкупниот број на нерешени стари предмети, произлегува дека судот посветувал внимание на зголемување на ажурноста и правење напори за совладување на приливот на предметите и намалување на времето на решавањето, а особено внимание на старите нерешени предмети. Од податоците произлегува дека најголем број од незавршените предмети се извршни предмети, што ги следат проблеми и тешкотии при извршувањето.

Општа констатација е дека во текот на 2010 година, Основниот суд во Кичево и покрај направените напори за совладување на приливот и намалувањет на

заостатокот, не успеал да го намали заостатокот во граѓанскиот и кривичниот оддел и во истите бројот на нерешени предмети се зголемил. Во оваа година е задржана динамиката на зголемен број на новопримени предмети и во кривичниот и во граѓанкиот оддел, а единствено е намален бројот на извршните предмети, што е резултат на околноста што во овој оддел повеќе не се примаат нови предмети. Со оглед на искажаните резултати, останува заклучокот дека е потребно да се обрне внимание на кадровското екипирање на судот и во делот на судискиот состав и кај стручниот кадар и администрацијата, понатаму техничко осовременување на зградата, снабдување со компјутери и подобрување воопшто на просторните и техничките услови во судот.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

**Основниот суд Тетово** е суд со **проширена надлежност** и еден од најголемите судови во Република Македонија.

Во Основниот суд Тетово на крајот на 2009 година останале нерешени **46.800** предмети од сите области од неговата надлежност. Во текот на извештајната година примени се вкупно **44.378** нови предмети, што значи овој суд вкупно во работа имал **91.178** предмети. Во извештајната година решени се **55.930** предмети, а останале нерешени **35.248** предмети.

Имајќи го предвид бројот на решените предмети во текот на извештајната година, како и бројот на останати нерешени предмети кој изнесува **35.248** предмети, произлегува дека овој заостаток на предмети може да се совлада за период од преку 6 месеци, поради што Основниот суд Тетово може да се смета за **релативно ефикасен суд.**

Во текот на извештајната година, според постигнатите резултати, овој суд генерално го совладал приливот на предмети и намален е вкупниот број на нерешени предмети.

Во однос на констатацијата за **ангажираност и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** од вкупно примените **2.622** нови предмети, решени се вкупно **2.757** предмети, што значи дека е совладан годишниот прилив на предмети и намален е вкупниот број на нерешени предмети, што зборува воопштено за зголемување на ефикасноста во работењето на овој оддел.

Ваквата констатација се однесува и за решавањето на **парничните процесни предмети**, каде што исто така е совладан годишниот прилив и е намален вкупниот број на нерешени парнични процесни предмети.

Во **кривичниот оддел** од вкупно примените **17.143** нови предмети, решени се вкупно **17.623** предмети од што може да се констатира дека е совладан годишниот прилив на предмети и намален вкупниот број на нерешени предмети од претходниот извештаен период, што зборува исто така за зголемување на ефиксасноста во овој оддел.

Состојбата со прекршочните предмети укажува на совладан прилив на предмети, со оглед дека се примени **11.901** нови предмети, а решени се **12.783** предмети во текот на извештајниот период.

По однос на квалитетот на постапувањето во овие оддели, состојбата е следна:

Од вкупно решените **1.778** процесни **парнични предмети**, во текот на извештајниот период биле обжалени **356** парнични предмети или **20%** од вкупниот број решени предмети од кои **247** предмети или **69%** од вкупно обжалените предмети биле потврдени, **81** предмет или **23%** од вкупно обжалените предмети биле

укинати и **22** предмети или **6,6%** преиначени. Врз основа на вака дадените податоци, квалитетот се вреднува со констатацијата **добар.**

Во однос на квалитетот на постапувањето на предметите во **кривичниот оддел** од вкупно решените **799** кривични предмети према полнолетни сторители на кривични дела, биле обжалени **212** предмети или **27%** од вкупниот број на решени предмети од кои **134** предмети или **63%** потврдени, **49** предмети или **23%** укинати и **29** предмети или **14%** преиначени, врз основа на кои податоци квалитетот се оценува со констатацијата **добар.** Кај прекршочните предмети, од вкупно решените **12.783** предмети, обжалени биле **213** предмети или **2%** од вкупниот број од кој **119** предмети или **56%** потврдени, **42** предмети или **20%** укинати и **52** прекршочен предмет или **24%** преиначени од што произлегува констатацијата за вреднување на квалитетот со оценката **задоволува**. Во однос на податоците за состојбата со старите предмети во граѓанскиот и кривичниот оддел, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** останати се вкупно **11** стари предмети од кои најстариот датира од 2005 година, а во **кривичниот оддел**, на крајот на извештајниот период нема нерешени стари предмети.

Општа констатација е дека во текот на 2010 година Основниот суд Тетово генерално го совладал годишниот прилив на предмети на ниво на суд иако состојбата во тој поглед во пооделни оддели е различна, што укажува дека во текот на 2011 година можат да се постигнат подобри резултати во работењето на судот и да се зголеми ефикасноста и квалитетот во работењето, доколу соодветствуваат и соодветни просторни услови и кадровска екипираност, задржување на дисциплината и одговорноста на сите судии и ставање во функција на сите капацитети за да сите постапки се спроведуваат без одложување и да се оствари правото на секој учесник во постапката за правично судење.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

**Основниот суд Битола** е суд со **проширена надлежност.**

Во овој суд во извештајната година имало вкупно во работа **59.988** предмети од кои новопримени **28.771** предмет и **31.217** предмети нерешени од претходната година. Во текот на годината решени се **36.659** предмети, а останале нерешени **23.329** предмети. Во споредба со 2009 година кога биле примени во работа **36.887** предмети, во 2010 година, судот примил помалку **8.116** предмети или во 2010 година помалку во работа биле **9.688** предмети. Судот во извештајната година решил **845** предмети помалку споредено со 2009 година, а согласно ваквите податоци од извештајниот период произлегува дека судот во 2010 година го совладал приливот од **28.771** предмет и решил **7.871** предмет од кои **7.599** извршни предмети.

На крајот на извештајната 2010 година во овој суд по сите основи останале нерешени **23.329** предмети од кои извршни **16.948** предмети. Доколку овие предмети се предадат на извршителите, би останале околу **7.000** предмети, со што судот би влегол во групата на **релативно ефикасни судови**.

Во однос на квалитетот на решавање на предметите, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** преку исходот на жалбената постапка, просекот на потврдени предмети изнесува **65,66%,** укинати **31,31%,** преправени **2,69%,** а делумно укинати **0,34%,** што се вреднува со констатацијата добар.

Во **граѓанскиот оддел** просекот на потврдени предмети изнесува **66,9%,** укинати **26,56%,** преправени **6,8%** и делумно укинати **0,54%,** што се вреднува со констатацијата добар.

Во **прекршочниот отсек**, просекот на потврдени предмети изнесува **69,25%,** на укинати **20,42%**, преправени **10,09%,** кај делумно укинати **0,23%,** што се вреднува со констатацијата добар.

Во однос на констатацијата за состојбата за **стари нерешени предмети** од споредбените податоци согласно годините од кои датираат старите предмети, произлегува дека во Основниот суд Битола е обрнато посебно внимание на решавањето на старите предмети и во таа област е постигнат значителен резултат.

Општа констатација е дека судот во извештајниот период покажал висок степен на ефикасност и ажурност. Ова, дотолку повеќе што судот цела година работел со помалку 3 судии, меѓутоа и понатаму останува констатацијата дека треба да се обрне поголемо внимание на квалитетот на работењето и секој судија да вложи повеќе напори за зголемување на процентот на потврдени предмети. Во наредниот период судот треба кадровски да се опреми со испразнети работни места на стручниот и административно-техничкиот кадар.

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

**Основниот суд Крушево** е суд со **основна надлежност.**

Судот во извештајната година примил **150** предмети повеќе од претходната година и решил **55** предмети повеќе од претходната година, а заостатокот на предмети го зголемил за **31** предмет од претходната година. Од вкупно нерешените **2.948** предмети на крајот на 2010 година, **2.470** се извршни предмети. Поради тоа се констатира дека овој голем број на предмети не е во објективна можност да ги реши судот ни во 2011 година, а како можно решение се истакнува превземањето на предметите од страна на извршителите.

Во **кривичниот оддел** во 2010 година вкупно во работа биле **1.163** предмети од кои **233** предмети од претходната година, а во текот на годината се примени **930** предмети. Во текот на годината решени се **851** предмет, а нерешени во овој оддел останале **312** предмети.

Во **граѓанскиот оддел** во работа биле вкупно **3.725** предмети од кои нерешени од 2009 година биле **2.648** предмети, а новопримени се **1.041** предемет. Од нив, решени се **1.089** предмети, а останале нерешени **2.636** предмети.

Со оглед дека се работи за мал суд, судиите истовремено работат на повеќе материи.

Во однос на квалитетот во пресудувањето, според бројот на предметите, состојбата е следна:

Од **кривичните одлуки** обжалени се **4**, потврдени **2** или **50%**, укинати **2** или **50%** и квалитетот се оценува како незадоволителен. Кај **граѓанските одлуки**, обжалени се **35** предмети, потврдени **12** или **34%**, преправени **9** или **26%** и укинати **14** или **40%**, што се оценува како **незадоволителен квалитет**.

Кај **прекршочните одлуки,** обжалени се **58,** потврдени **23** или **40%**, преправени **15** или **26%** и укинати **20** или **34%**, што значи, квалитетот се оценува како незадоволителен. Во однос на состојбата со старите предмети, најбројни се извршните предмети до 2002 година **98** предмети од 2003 – **112** предмети, 2004 – **538**, 2005 – **962,** од 2006 – **756** предмети, а граѓански предмет има **1** од 2007 година.

Општа констатација е дека во Основниот суд Крушево има потреба од значително ангажирање за подигање на квалитетот на донесените одлуки кој е незадоволителен во сите области.

## ОСНОВЕН СУД ОХРИД

**Основниот суд Охрид** е суд со **проширена надлежност.**

Во извештајната година во овој суд биле вкупно во работа **37.374** предмети од кои **20.074** предмети од претходната година и новопримени **17.300** предмети во текот на годината. Од овие предмети решени се **22.263** предмети, а на крајот на извештајната година останале нерешени **15.111** предмети, што значи совладан е приливот и намален е дел од заостатокот.

Со оглед на тоа што заостатокот на предметите од извештајната година може да се реши за период до **6 месеци**, Основниот суд Охрид се вбројува во категоријата **ефикасни судови.**

Во однос на ангажираноста и квалитетот во пресудувањето, може да се констатира дека сите судии во Основниот суд Охрид ја исполнувале ориентационата норма, па дури и над пропишаната норама.

По однос на квалитетот во **граѓанскиот оддел**, истиот се движи од **77%** потврдени до **92,3%** на ниво на оддел, а во **кривичниот оддел** квалитетот на судиите во пресудувањето е над **80%** потврдени, што се вреднува со констатацијата **одличен.**

Во однос на старите нерешени предмети, податоците се дека во овој суд има **8.612** стари предмети, заклучно со 2008 година, од кои најголем број се извршни предмети.

Општа констатација е дека овој суд, иако целосно неекипиран, во текот на извештајната година, работел ангажирано и ефикасно, што се гледа од фактот дека приливот во голем дел е совладан и е намален заостатокот, а дека овој суд и понатаму ќе ја подобрува својата ефикасност и ажурност, а треба да продолжи и тенденцијата на подобрување на квалитетот на пресудувањето. Констатација е дека и во овој суд се вложуваат големи напори за решавањето на старите предмети.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

**Основниот суд Прилеп** е суд со **проширена надлежност** и еден од поголемите судови во Република Македонија. Во 2010 година судот ја започнал својата работа со заостаток од **42.334** предмети како нерешени од претходната година, а во текот на годината се примени нови **34.606** предмети , така што вкупно во работа биле **76.940** предмети од кои **39.954** предмети се вкупно решени, а на крајот на годината останале нерешени од сите видови **36.986** предмети. Споредбените податоци со изминатите 3 години укажуваат на тенденција на намалување на заостатокот на предметите во Основниот суд Прилеп, што меѓудругото се должи на зголемената ажурност на судот во решавањето на старите предмети и совладувањето на приливот на новите предмети.

По однос на **квалитетот на решавањето**, состојбата е следна:

Кај **процесните предмети** во одделот за граѓански дела, предметите кои се вратени по жалба од Апелациониот суд Битола до 31.12.2010 година, се движи, така што се потврдени **310** предмети или **67%**, преправени **31** предмет или **7%**, укинати **109** предмети или **23%** и делумно укинати **14** предмети или **3%**.

Кај **кривичните предмети** против полнолетни лица, од вкупно решените **560** предмети од кои **99** се вратени по жалба, а **461** предмет се необжалени, потврдени се **64** предмети или **65%%,** укинати се **23** предмети или **23%**, а преправени се **12** предмети или **12%.**

По однос на состојбата со **старите предмети**, од податоците во извештајот произлегува дека во извештајната година во судот имало вкупно нерешени **1.135**

стари предмети од кои **1.045** предмети датираат од 2010 година, додека **80** предмети се од 2009, **11** предмети од 2008, **2** предмети од 2007 и по **1** предмет од 2006 и 2005 година.

Во однос на ангажираноста на судиите, месечниот просек поединечно кај судиите се движи од **25,4** до **28,8** предмети.

Општа констатација е дека од севкупноста на работењето на судот и судиите, заедно со Претседателот на судот во извештајната година, судот работел ангажирано и ефикасно, што се заклучува од фактот дека приливот од новопримените предмети од сите видови е совладан и решен, а заостатокот може да се совлада за период од **1 година**, што го става во редот на **релативно ефикасни судови**. Овој тренд на нагорна линија се движи последните години, што укажува дека во иднина овој суд со повеќе напори може да се вброи во редот на ефикасни судови. Што се однесува до квалитетот на работењето на Претседателот и судиите на овој суд од сите прегледи во доставените извештаи, може да се каже дека квалитетот во целина и поединечно по судии **задоволува.** Ова, од причина што овој суд ги има сите потребни ресури и услови за поефикасно решавање на предметите.

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

**Основниот суд Ресен** претставува суд со **основна надлежност.**

Во извештајната 2010 година во Основниот суд Ресен биле вкупно во работа **5.132** од кои **1.363** предмети останати нерешени од сите области во претходната година и **3.769** новопримени предмети. Од нив во текот на годината решени се **4.129** предмети, а останале нерешени **1.003** предмети, а со оглед на бројот на останатите нерешени предмети кои можат да се решат за период од **3 месеци**, овој суд се смета во котагоријата на **апсолутно ефикасни судови.**

Во однос на **констатациите за ангажираноста и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** примени се вкупно во работа **302** нови парнични предмети и спорови од мала вредност, од кои се решени **295** предмети. Од нив од жалбената постапка се вратени **129** прдмети од кои **75** предмети или **58,1%** се потврдени, **45** предмети или **34,9%** се укинати, а **9** предмети или **7%** се преиначени. Врз основа на вака дадени податоци, квалитетот на решавањето на овој вид предмети од граѓанскиот оддел, се вреднува со констатацијата **задоволителен.**

Во **кривичниот оддел** вкупно се примени **56** нови предмети, а решени се **53** предмети и од вкупно решениот број на предмети биле обжалени **14** предмети. Во жалбена постапка се вратени **13** предмети од кои **10** предмети или **76,92%** се потврдени, **3** предмети или **23,18%** се укинати, поради што квалитетот во решавањето на кривичните предмети се вреднува со квалификацијата **многу добар**.

Состојбата со **прекршочните предмети** укажува на совладан прилив на предмети со оглед на примени **418** нови предмети, а решени **454** предмети во текот на извештајниот период. По однос на квалитетот во решавањето на предметите од вкупниот број на решени предмети во текот на извештајната година обжалени биле **38** предмети од кои од жалбена постапка вратени се **44** предмети, а од нив **25** се потврдени или **56,8%**, **7** предмети или **15,9%** се преправени, а **12** предмети или **27,3%** се укинати. Врз основа на вака дадените податоци, квалитетот на решавањето на прекршочните предмети се вреднува со **задоволителен.**

Состојбата со **стари предмети** во Основниот суд Ресен, во граѓанскиот и кривичниот оддел е следна:

На почетокот на 2010 година имало **90** стари предмети од граѓанската материја и во текот на годината се решени **65** предмети, а останале нерешени **25** предмети.

Кај кривичните предмети нема стари нерешени предмети, а кај прекршочните предмети во работа биле **11** предмети и сите се решени.

Општа констатација е дека Основниот суд Ресен во текот на извештајната година според постигнатите резултати генерално го има совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд, со оглед на тоа што се примени вкупно **3.769** предмети, а решени **4.129** предмети, а намален е вкупниот број на нерешени предмети за **1.336** кои како нерешени останале од претходниот извештаен период на **1.300** предмети на крајот на извештајниот период, меѓутоа имајќи го предвид малиот број на предмети по судија и фактот дека судот не го совладува приливот во најзначајните области, неопходно е да се вложат сите напори да се совлада приливот, да се намали бројот на нерешените граѓански, кривични и извршни предмети во текот на 2011 година, со што ќе може да се постигнат подобри резултати во работењето на судот, да се зголеми ефикасноста и квалитетот на работењето, а сите постапки да се спроведуваат без одложување и да се оствари правото на секој учесник во постапката за правично судење.

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

**Основниот суд во Струга** е суд со **проширена надлежност.**

Основниот суд Струга во 2010 година примил во работа **14.824** предмети по сите видови, кои со незавршените од претходната година **10.821** предмет, вкупно во работа изнесувале **25.645** предмети. Од нив решени се **17.236**, а останале нерешени **8.409** предмети. Според изложените податоци може да се констатира дека во 2010 година, Основниот суд Струга работел ефикасно и ажурно, посебно е **апсолутно ефикасен** во **прекршочниот оддел** и **вонпарничниот и стечајниот оддел**, а бидејќи заостатокот на предметите може да биде решен за **3 месеци**, а **релативно ефикасен** кај **кривичните и граѓанските предмети**, бидејќи предметите кои што се останати нерешени може да се решат за **5**, односно **6 месеци**.

Во однос на констатациите за **ангажираноста и квалитетот на работењето** на судиите во просек на ниво на оддел, состојбата е следна:

Според бројот на потврдени предмети кои што биле обжалени, квалитетот на работењето на судиите кои постапувале по предметите во кривичниот оддел, во просек изнесува **66%,** во граѓанскиот оддел **72%,** а во прекршочните предмети **60%.**

Од изнесените податоци произлегува дека квалитетот според потврдените предмети во кривичниот оддел бил **добар**, во граѓанскиот оддел **многу добар**, а во прекршочните предмети квалитетот се вреднува со констатацијата **задоволува.**

Во Основниот суд Струга вкупниот број на **стари нерешени предмети** изнесувал **4.648**, од кои најголем број **4.501** предмет се извршни предмети.

Општа констатација е дека во Основниот суд Струга во извештајниот период се постигнати добри резултати, меѓутоа во однос на постигнатиот квалитет во просекот по одделот, може да се заклучи дека судот покажал подобри резултати во граѓанскиот оддел, а во иднина е потребно да се постигнат подобри резултати во кривичниот оддел, а посебно кај прекршочните предмети.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

**Основниот суд Берово** спаѓа во редот на основните судови со **основна надлежност.** Во однос на обемот на работата, од извештајот произлегува дека Основниот суд Берово од претходната 2009 година имал во работа **409** предмети, а во текот на годината новопримени се **3.439** предмети, што значи вкупно во работа судот имал **4.848** предмети. Решени се **3.913** предмети, а останале нерешени **935** предмети.

Овие бројки укажуваат дека Основниот суд Берово го совладал приливот и го намалил заостатокот за **474** предмети.

Поаѓајќи од бројот на нерешени предмети на крајот на 2010 година, произлегува дека потребно време за решавање на истите изнесува **3,9 месеци**, поради што овој суд се смета во категоријата на **ефикасни судови**.

Во однос на **квалитетот на работење и ангажираноста на судиите**, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел** од вкупно решени **133** предмети на ниво на суд, обжалени биле **3** предмети или **31,9%** од што потврдени се вкупно **28** предмети или **65,10%,** укинати се **10** предмети или **23,30%,** што се вреднува со констатацијата добар.

Квалитетот на решавањето по овој вид предмети е подобар од претходната година, ако се земат во предвид поединечниот број на решени предмети, обжалените пресуди и тоа колку од нив се потврдени, односно укинати.

Во **граѓанскиот оддел** од вкупниот број решени предмети **353** на ниво на суд, обжалени биле вкупно **62** предмети, од кои потврдени се вкупно **44** предмети или **71%,** а укинати се **11** предмети или **17,7%,** што се оценува како **многу добар** квалитет.

Состојбата со **старите предмети** во судот е изразена со податоци во извештајот дека во кривичниот оддел – кривични полнолетни, останати се нерешени **2** предмети од 2008 година, а исто така има и стари предмети во граѓанскиот оддел **8** парнични и **14** вонпарнични предмети кои датираат од 2002 година најстариот.

Општа констатација е дека со оглед на тоа што Основниот суд Берово спаѓа во редот на помалите судови во Република Македонија и со помал обем на работа, произлегува дека не е можно да се изврши стриктна специјализација на работата на судиите по области. Во текот на извештајната година судот го совладал годишниот прилив и го намалил заостатокот за **474** предмети, а квалитетот на работењето на судиите во глобала е на потребното ниво.

## ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА

**Основниот суд Виница** е суд со **основна надлежност** и во текот на 2010 година во овој суд вкупно во работа биле **4.684** предмети, од кои **689** предмети нерешени од претходната година и **3.995** предмети новопримени во текот на годината. Од нив решени се **4.263** предмети, а останале нерешени **421** предмет.

Со оглед на ваквите податоци произлегува дека Основниот суд во Виница во 2010 година и покрај зголемениот обем на работа со непотполн состав на судии, го совладал вкупниот годишен прилив на нови предмети, но истовремено и го намалил заостатокот од претходната година, што значи дека судот може да се вброи во редот на **ефикасните судови**. Во прилог на ова, овој заклучок, е фактот дека бројот на нерешени предмети кој изнесува **416** може да се совлада за периот од **6 месеци**.

Во однос на констатацијата за ангажираноста и квалитетот во работењето на судиите во просек на ниво на оддел, податоците се следни:

Вкупно се решени **74** кривични предмети од кои обжалени се **39,** потврдени **14,** укинати **14**, делумно укинат **1** и преиначени **3**, од граѓанските предмети вкупно се решени **295,** обжалени **129**, од кои потврдени **99**, укинати 11, делумно укинати **2** и преиначени **10**.

Кај прекршочните предмети од вкупно решени **841,** обжалени се **108,** потврдени **77**, укинати **20** и преиначени **10**. Ваквите податоци зборуваат дека во Основниот суд Виница треба да се обрне поголемо внимание на подобрување на квалитетот во пресудувањето.

Во однос на состојбата со старите предмети во кривичниот и граѓанскиот оддел, состојбата е следна:

Во граѓанскиот оддел, во извештајната година останале нерешени **163** предмети, а во кривичниот оддел останале нерешени **253** предмети и нерешени укинати **5** предмети, кои не се сметаат во категоријата на стари предмети.

Општа констатација е дека Основниот суд во Виница, во текот на извештајната 2010 година покажал квалитативни и квантитативни резултати од кои може да се заклучи дека судот успешно и ефикасно ја извршувал својата функција. Квалитетот во постапувањето во овој суд значително би се подобрил доколку се заврши доекипирањето на судот со изборот на судии, согласно одлуката на Судскиот совет на Република Македонија.

## ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО

**Основниот суд Делчево** спаѓа во категоријата на судови со **основна надлежност.**

Во Основниот суд Делчево во извештајната година имало вкупно во работа **6.671** предмет од кои **1.067** предмети останати нерешени од претходната година и **5.604** новопримени предмети. Во извештајната година вкупно биле завршени **5.648** предмети, а останале незавршени **1.023** предмети. Споредено со бројот на незавршените предмети во 2009 година, обемот на заостатокот на незавршени предмети е намален за **44** предмети или за **4,13%.**

Во однос на констатациите по однос на работа во оддели, состојбата е следна:

Во **граѓанскиот оддел** приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за **25** предмети или **5,6%.** Во однос на квалитетот на пресудувањето во овој оддел од вкупно завршените **648** парнични предмети, обжалени биле **207** од кои **118** жалби биле одбиени или **80,8%** потврдени, **9** преправени или **6,1%** и **19** или **13,1%** укинати. Соодветно на овие резултати, квалитетот на работењето на судиите во овој оддел се вреднува со констатацијта **одличен.**

Поединечно во однос на квалитетот на пресудувањето по судии, истиот може да се вреднува во категоријата **многу добар до одличен**.

Во овој суд, во текот на извештајната година има **4 стари предмети** и тоа **3** од 2008 година и **1** од 2007 година.

Во **кривичниот оддел** од вкупно завршените предмети во овој оддел, обжалени биле **45** предмети од кои **20** или **58,8%** потврдени, **7** или **20,15%** преиначени и **7** или **5%** укинати. Од овие податоци се искажува констатацијата на вреднување на квалитетот како **добар**. Со истата квалификација се вреднува и одделната работа на судиите по овие предмети.

Кај **прекршочните предмети** приливот на нови предмети е совладан и заостатокот на нерешни предмети е намален за **20** предмети или **6,3%,** а

вреднувањето на квалитетот на пресудување на судиите се искажува со констатацијата **добар**.

Општа констатација е дека од податоци во извештајот за работата на Основниот суд Делчево искажани со соодветни оценки и соодветни констатации за квалитетот на работата на судиите, истиот може да се категоризира и вброи во категоријата на **апсолутно ефикасни судови**, бидејќи заостатокот на предмети во судот може да се совлада за **2 месеци**.

Со оглед на тоа што податоците во извештаите покажуваат дека само во кривичниот оддел не е совладан приливот на нови предмети, во овој оддел е потребна поголема ангажираност на судиите за да се намали заостатокот на незавршени предмети.

## ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

**Основниот суд Кочани** според организационата поставеност спаѓа во групата на судови со **проширена надлежност** покривајќи дел од надлежноста на територијата на Основните судови Берово, Делчево и Виница**.** Во извештајната 2010 година во Основниот суд Кочани биле новопримени **14.523** предмети, а од претходната година останале нерешени **10.675** предмети или вкупно во работа биле **25.202** предмети. Во текот на годината решени се **15.977** предмети, а останале нерешени **9.225** предмети. Судот во извештајната година го совладал приливот, а заостатокот го намалил за **454** предмети.

Во однос на ангажираноста на судиите, состојбата по оддели е следна:

Во **граѓанскиот оддел**, судот решил **752 парнични предмети**, **490 стопански предмети, 330 стечајни предмети**, **324 оставински предмети**, **33 вонрапнични предмети**, **73 Р** предмети и **1.494 извршни предмети**.

Во **кривичниот оддел**, судот решил **140 истраги**, **216 истражни дејствија**, **292 кривични предмети за полнолетни лица**, **72 кривични предмети за малолетни лица**, **2.424 прекршочни предмети** и **226 кривични санкции**.

Согласно искажаните податоци произлегува дека овој суд во текот на извештајната година работел ажурно, а од вкупниот број незавршени предмети **7.022** се извршни предмети.

Општа констатација е дека во овој суд кој е суд со проширена надлежност, зголемен е бројот на решени предмети, но и зголемен е приливот на новодојдени предмети, меѓутоа кај заостатокот на предметите сметано за 3 години station наназад, се забележува тенденција на намалување на старите нерешени предмети, односно за **15,7%** е намален заостатокот на стари нерешени предмети, што укажува на ефикасно и ажурно работење на судот во овој сегмент.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

**Основниот суд Радовиш** е суд со **основна надлежност.**

Во овој суд во извештајната година  вкупно во работа имало **10.791** предмет од кои **2.698** предмети  заостанати како незавршени од претходната година и **8.093** новопримени предмети во текот на годината. Од нив вкупно се решени 9**.246** предмети, а останале нерешени **1.545** предмети. Во изветштајната година судот работел ефикасни и приливот на нови предмети бил совладан во споредба со 2009

година и имајќи го предвид бројот на незавршени предмети кои можат да се решат за помалку од 5 месеци, произлегува дека овој суд спаѓа во редот на **ефикасни судови.**

Во однос на обемот на работа по оддели, според податоците во извештајот, произлегува дека по **граѓанскиот оддел** во 2010 година се забележува зголемување на новопримените предмети, зголемување на вкупниот број предмети во работа, но зголемување на бројот на решени предмети и намалување на бројот на незавршени предмети.

Во **кривичниот оддел** значително е намален бројот на новопримени предмети за полнолетни, меѓутоа и бројот на незавршени предмети за полнолетни лица е намален, што значи дека приливот е совладан. По однос на прекршочните предмети пак, има драстично намалување на бројот на примени прекршочни предмети, приливот е совладан и заостатокот е намален.

Во однос на **квалитетот на пресудувањето** по оддели, според просекот на ниво на оддел, состојбата е следна:

Во **кривичниот оддел**, процентот на потврдени пресуди изнесува **64,10%, 13,54%** преиначени пресуди и **21,79** укинати пресуди, додека судиите во просек решавале по **8,76** предмети од овој тип предмети.

Според овие податоци, квалитетот во кривичниот оддел се вреднува со констатацијата **добар.**

Во **граѓанскиот оддел**, процентот на потврдени парнични предмети изнесува **66,67%,** укинати предмети **7,6%** и **8,93%** преиначени предмети, а просечно месечно секој судија решавал **24,8** предмети. Според овие податоци, квалитетот во овој оддел се вреднува со квалификацијата **добар**. Овие податоци се во однос на бројот на обжалените предмети.

Во основниот суд Радовиш во извештајната година има вкупно по сите оддели **445 стари незавршени предмети** од кои најголемиот број **396** извршни предмети.

Општа констатација е дека Основниот суд во Радовиш е **ефикасен суд** и покрај тоа што работи во нерешени просторни услови, нецелосна компјутеризација, што создава големи потешкотии за воведувањето на АКМИС-от и непотполнетост на работните места, што укажува дека со надминување на овие околности во Основниот суд Радовиш би се постигнале уште подобри резултати.

## ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ

**Основниот суд Свети Николе** е суд со **основна надлежност.**

Во овој суд на почетокот од 2010 година имало нерешени **1.652** предмети од претходната година, а а новопримени се **5.019** предмети, што значи овој суд во работа имал вкупно **6.671** предмет. Во текот на годината решени се **5.242** предмети, а останале нерешени **1.429** предмети.

Според ваквите податоци, доколку се има предвид бројот на нерешени предмети од 2010 година кој изнесува **1.429** предмети, кој заостаток може да се реши за период од **4 месеци**, произлегува дека Основниот суд Свети Николе се вбројува во категоријата на **ефикасни судови**.

Што се однесува до констатациите во поглед на **ангажираноста и квалитетот на работењето** состојбата е следна:

Во **граѓанскиот и вонпарничниот оддел**, судиите месечно решавале по **31,65** предмети. Во кривичниот оддел, судиите решавале месечно по **7,5** предмети, а кај прекршочните предмети, судиите решавале месечно по **94** предмети.

Во однос на констатациите за ангажитаноста и квалитетот на работењето на судиите во граѓанскиот оддел во однос на парничните предмети, од вкупно решени

**693** предмети во 2010 година, обжалени биле вкупно **259** предмети, од кои потврдени се **145** предмети, преиначени **17** предмети и укинати **45** предмети.

Во **кривичниот оддел** од вкупно решени **140** предмети, во 2010 година обжалени се **36** предмети, од кои потврдени **26** предмети, преиначени **2** предмети и укинати **7** предмети.

Во **прекршочниот оддел** од вкупно решени **960** предмети, обжалени се **140** предмети од кои потврдени **94**, преиначени се **11** предмети и укинати **41** предмет. Во однос на старите предмети по оддели, состојбата е следна:

Во граѓанскиот и вонпарничниот оддел, има незавршени предмети од кои најстарите датираат од 1990 година, а во кривичниот и прекршочниот оддел нема стари предмети.

Општа констатација е дека Основниот суд Свети Николе е **ефикасен суд,** меѓутоа потребно е поголемо ангажирање на судиите за да се постигне подобар квалитет, што зависи од личниот ангажман и личната едукација на судиите, меѓутоа за подобрување на условите и за подобрување на ефикасноста во работењето, потребно е да се подобрат и просторните услови, како и доекипирањето на судот во однос на пополнувањето на работните места.

## ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА

**Основниот суд Струмица** спаѓа во судовите со **проширена надлежност.** Во овој суд во текот на 2010 година вкупно во работа биле **36.050** предмети од кои **9.052** предмети како нерешени од претходната година и **26.998** како новопримени во текот на годината. Решени се **28.102** предмети, а останале нерешени на крајот на годината **7.948** предмети.

Во однос на **ангажираноста и квалитетот** на судиите, констатациите се следни:

Во **кривичниот оддел**, по предметите за полнолетни лица, судиите просечно месечно решавале од **17,4** до **20,9** предмети, кај **прекршочните предмети** од **51,8** до **112,6** предмети.

Судиите кои постапувале по **парнични предмети** во просек месечно решавале од **30,5** до **35,6** предмети месечно.

Во однос на квалитетот за пресудувањето, во **кривичниот оддел** од вкупниот број на обжалени предмети кој се движи од **22,2%** до **27,5%** по судија, процентот на потврдени пресуди на ниво на оддел изнесува од **68,5%** преиначени **7,5%** и укинати **31,5%,** што се вреднува со констатацијата **добар.**

Кај **парничните предмети**, вкупниот број на потврдени одлуки изнесува **77,1%,** преиначени **5,9%,** укинати **17,1%,** што се вреднува со констатацијата **многу добар**. Кај **прекршочните предмети**, процентот на потврдени, укинати и преиначени од вкупниот број на обжалени предмети изнесува потврдени **61,7%,** преиначени **7,0%** и укинати **31,3%,** што се вреднува со констатацијата добар.

Поединечно по судии, квалитетот на решени предмети во **кривичниот оддел** за полнолетни лица во однос на процентот на потврдени пресуди се движи од **54,3** до **80,8%,** кај **прекршочните предмети** поединечно по судија се движи од **40%** до **73,6%**, а кај **парничните предмети**, процентот на потврдени одлуки кај судиите се движи од **58,9** до **88,5%.**

Во **кривичниот оддел** има вкупно **24** кривични предмети за полнолетни лица и **1** малолетнички кривичен предмет кој датира од 2007 година, а во **граѓанскиот оддел** има вкупно **248** стари предмети.

Општа констатација е дека и во дадените услови Основниот суд Струмица ефикасно ја извршувал својата работа, меѓутоа со подобрување на состојбата со информатичката технологија, пополнувањето на административно-техничкиот персонал, стручните соработници и во Основниот суд Струмица би се постигнале уште подобри резултати во однос на ефикасноста во пресудувањето.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

**Основниот суд Штип** е суд со **проширена надлежност.**

Во овој суд во извештајната година, вкупно во работа имало **29.932** предмети од кои незавршени од претходната година **11.769** предмети и новопримени **18.163** предмети. Вкупниот број на решени предмети за 2010 година изнесува **22.542** предмети, така што во работа останале незавршени **7.390** предмети. Со оглед на тоа што Основниот суд Штип во текот на 2010 година имал заостаток на нерешени предмети од вкупно **4.172** предмети, а во текот на годината истиот е намален за **3.628** предмети, овој суд се смета за **ефикасен суд**.

Во однос на состојбата по оддели и видови предмети, може да се констатира дека во **кривичниот оддел** биле вкупно решени **600** предмети од кои обжалени се **202** предмети или **33,6%,** а од обжалените предмети **121** или **52%** се потврдени, **16** или **7,92%** се преправени, укинати се **65** или **32,2%,** поради што работата на судиите во овој оддел се вреднува со констатацијата **задоволува.**

Во однос на **прекршочните предмети**, решени се **4.419** предмети, обжалени се **935** предмети или **21,2%** од кои потврдни се **511** предмети или **55%,** преправени се **135** или **14,4%** и укинати се **289** или **30,9%.** Работата по овој оддел се вреднува со констатацијата **задоволува**.

Во **граѓанскиот оддел** во текот на годината решени се **1.099** предмети, обжалени се **238** предмети, а од обжалените потврдени се **158** предмети или **66,4%,** преправени се **30** предмети или **13%,** а укинати се **50** или **21%.** Просечно месечно секој судија решавал по **21** предмет и работата на одделот се вреднува со констатацијата **добар.**

Општата констатација е дека Основниот суд Штип постигнал значителни резултати во извештајната година, но резултатите би биле уште подобри доколку се подобрат просторните услови и кадровската екипираност, како и подобрување на информатичката технологија. Во наредната година судот во сите оддели треба да посвети посебно внимание на квалитетот на донесените одлуки и решавањето на заостатокот на старите предмети.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**